2

ЗНАМ И КУМАНОВО ЗНАЕ

МАКСИМ ДИМИТРИЕВСКИ

Наша општина – наша иднина!



ДВИЖЕЊЕ
ЗНАМ
ЗА НАША МАКЕДОНИЈА

ПРОГРАМА

ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2025

ОБРАЌАЊЕ НА МАКСИМ ДИМИТРИЕВСКИ

КАНДИДАТ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КУМАНОВО

Почитувани сограѓани,

Во изминатиот период докажавме дека Општина Куманово може да се води чесно, одговорно, транспарентно и во интерес на сите граѓани. Работевме посветено за да ја оправдаме довербата што ни ја дадовте и да покажеме дека локалната власт може да биде сервис на граѓаните.

За осум години изградивме над 27 000 м атмосферска и фекална канализација, над 9 500 м водоводна мрежа, над 340 000 м2 асфалтирани и реконструирани патишта, 27 000 м2 тротоари, над 91 000 м2 бекатон, над 340 000 м2 тампонирање и расчистување патишта. Испорачавме над 7 000 000 м3 гас до граѓаните и до компаниите.

Реализиравме над 280 проекти и активности во делот на образованието, изградивме 19 спортски игралишта и 4 спортски сали. Засадивме над 26 000 садници и расчистивме над 150 диви депонии. Поддржавме над 200 културни настани и над 50 спортски клубови.

Го враќаме сјајот на култните објекти во градот. Ја реконструираме Спортската сала, Соколаната, Соколанскиот парк и Градскиот парк. Вложуваме во патната и во комуналната инфраструктура, во индустриските зони, реконструираме училишта, училишни спортски сали, игралишта, создаваме подобри услови за младите и за спортот, и значајно придонесуваме за развојот на културата. Со инвестиции во нови паркови, детски игралишта и јавни простори, Куманово го правиме поубаво, поурбано и побезбедно место за живеење.

Горд сум што ја негуваме мултиетничката хармонија и соживотот, како наш значаен белег и непроценлив капитал. Куманово е град на еднаквоста, град на почитувањето на различностите и на заедничката визија за иднината.

Почитувани кумановки и кумановци,

Куманово е нашиот дом! Тука сме родени, тука живееме и тука ќе ја градиме иднината. Го знаеме секој агол, знаеме како диши градот, кои се предизвиците, кои се можностите, што е она што му е потребно на Куманово да оди напред, да продолжи да се менува на подобро!

Мојата кандидатура за нов градоначалнички мандат не е политичка одлука. Тоа е љубов кон градот, посветеност кон потребите и кон барањата на граѓаните, и најважно – одговорност за подобра иднина на новите генерации.

Имам цел да ги завршам сите започнати и планирани проекти. Верувам и ЗНАМ дека заедно можеме да продолжиме да градиме општина што ќе биде гордост за идните генерации. Општина во која ќе останат да живеат нашите деца, како урбан град и достоинствено место за живот.

Со чесна работа и искрена посветеност, повторно ја барам Вашата доверба. Да продолжиме заеднички да го унапредуваме наше Куманово – општина на можности, напредок и просперитет!

Ваш,
Максим Димитриевски,
кандидат за градоначалник на Општина Куманово

„Движење ЗНАМ – За наша Македонија“

СОВЕТНИЧКА ЛИСТА НА ДВИЖЕЊЕТО ЗНАМ – ЗА НАША МАКЕДОНИЈА ВО КУМАНОВО

1. Ивана Ѓорѓиевска - носител на листа
2. м-р Моника Марковска
3. Дарко Митевски
4. Мила Петрушевска
5. Самет Салиевски
6. Аце Трајковски
7. Зоран Јовановски
8. Синиша Филиповски
9. Јасмина Џело
10. Јелена Пауновиќ
11. м-р Игор Липковски
12. м-р Сара Каревска
13. Душан Крстиќ
14. Веселин Марковиќ
15. Ивана Стојковски
16. Муарем Шакировски
17. Бобан Маневски
18. Марија Станковска
19. м-р Христијан Ѓорѓевиќ
20. Тамара Тренчевска
21. Марјан Стошевски
22. Милена Крстевска Јовановиќ
23. Ивана Николиќ
24. Милош Каранфиловиќ
25. Марија Спасовска
26. Мирослав Димевски
27. Гордица Бошковска
28. Дејан Младеновски
29. Лидија Костиќ
30. Слаѓан Спасовски
31. Мирјана Прокиќ Младеновиќ



ОБРАЌАЊЕ НА ИВАНА ЃОРЃИЕВСКА

НОСИТЕЛКА НА СОВЕТНИЧКАТА ЛИСТА

Драги сограѓани,

Во изминатите години заедно го градиме Куманово како град што ја чува својата мултикултурна традиција и обезбедува подобар соживот меѓу сите заедници. Денес сме Општина без долгови, со висока активна транспарентност, што е доказ за чесното и одговорно управување со јавните ресурси.

Заедно со кандидатот за градоначалник Максим Димитриевски, ќе работиме на засилено учество на младите и на жените во јавниот живот. Ќе обезбедиме младински центри, простори за дружење и за размена на идеи, како и повеќе спортски и културни содржини, затоа што токму младите носат нова енергија и идеи за развој на градот.

Децата ќе растат на сигурни и современи игралишта, каде што ќе ги развиваат своите спортски и креативни способности, а постарите генерации ќе добијат стабилна поддршка и грижа, за Општината да биде вистински партнер и пријател на секое семејство.

Горда сум што ја предводам листата составена од чесни, компетентни и мотивирани луѓе – професионалци со искуство и млади со визија. Тие ќе бидат вашиот глас во Советот, ќе ги слушаат вашите предлози и ќе ги претвораат во конкретни решенија за подобар живот.

Куманово е заеднички дом и мора да остане место каде што граѓаните дебатираат, предлагаат и градат иднина заедно. Тоа е суштината на Движењето ЗНАМ – За наша Македонија: рационално користење на буџетот, вистински проекти и услови за достоинствен живот.

Ја барам довербата за овој концепт – граѓански, чесен и одговорен. Концепт што обединува, а не дели; што носи развој и сигурна иднина за сите.

Ваша,
Ивана Ѓорѓиевска,
носителка на листата за советници

„Движење ЗНАМ – За наша Македонија“



КУМАНОВО ПРОДОЛЖУВА ДА СЕ МЕНУВА НА ПОДОБРО!

Почитувани сограѓани,

Во изминатите осум години заедно покажавме дека Куманово може и мора да се менува на подобро. Со Вашата поддршка реализиравме бројни проекти, а пред нас стои јасна цел – да продолжиме по патот што го трасиравме и да продолжиме да градиме општина што е вистински сервис на своите жители. Општина што слуша, реагира и е одговорна пред секој граѓанин.

Нашата визија е Куманово да остане град на еднакви можности, економски раст и просперитет, место што нуди достоинствен живот за сите генерации – деца, млади, возрасни и највозрасни. Куманово заслужува континуитет.

Во градските и во приградските населби ќе го насочиме фокусот кон инфраструктурата, регулирање на сообраќајниот метеж со нови сообраќајни решенија, слободни тротоари и нов паркинг-простор, создавање повеќе зелени површини и пешачки зони. Ќе градиме велосипедски патеки, паркови, детски игралишта и спортски комплекси што ќе бидат достапни за сите. Особено ќе се посветиме на подигнување на нивото на хигиената во градот. Урбанизмот ќе продолжи да биде потреба на граѓаните, а не желба на поединци. Просторното планирање ќе се води транспарентно и со учество на јавноста во процесот.

Општината ќе продолжи да расте во насока на создавање современа и европска заедница. Ќе ги зајакнуваме урбаноруралните и руралните средини со решавање на дециниските комунални проблеми, реконструкција на училишта, изградба на спортски игралишта и создавање урбани катчиња во секоја месна заедница. Ќе останеме посветени на концептот со кој настапивме. Затоа, ќе работиме на урбанизација на урбаноруралните и на руралните средини, на грижа за животната средина и на поврзување на селата со градот преку подобрена патна инфраструктура и зголемување на бројот и интензитетот на линиите на бесплатниот јавен градски превоз.

Ќе продолжиме со обнова и модернизација на училиштата и на спортско-рекреативните капацитети, со директна поддршка на младите, со програма за зачувување и промоција на културата на сите етнички заедници и развој на училишниот спорт. Куманово ќе продолжи да биде град што создава можности, град што привлекува инвестиции, развива нови индустриски зони и го стимулира локалното стопанство. Нашата цел е Куманово да стане препознатлив како регионален центар на економијата, културата и спортот, но и како град што нуди висок стандард на урбаното живеење.

Сите граѓани се исти и сите мора да имаат еднакви права и можности. Затоа, јавните простори ќе ги правиме инклузивни, приспособени за лицата со попреченост, со посебни инклузивни детски игралишта и урбани зони за дружење и за други активности.

Драги наши кумановци,

Куманово ќе продолжи да расте и да се развива чекор по чекор, со рамномерна грижа за сите. Заедно ќе создадеме општина каква што ни е потребна, општина што нуди иднина, стабилност и достоинствен живот за сите!

Куманово ќе има континуитет, Куманово ќе продолжи да се менува на подобро!

ОПШТИНА ПОСВЕТЕНА НА ДЕЦАТА

Децата се најголемото богатство на нашата општина. Тие се иднината што ја градиме денес, со нашата посветеност и одговорност. Затоа, Општината ќе продолжи да обезбедува сигурно, здраво и стимулативно опкружување, каде што секое дете има пристап до квалитетно образование, спорт, култура и услови за безгрижно детство.

Со вложување во децата вложуваме во поефикасно, похумано и посилно Куманово, кое ќе расте заедно со нивните соништа и успеси.

ПРОЕКТИ, АКТИВНОСТИ И ЗАЛОЖБИ

- Три нови градинки: во населбата Зелен Рид, во урбаната единица „Бајрам Шабани“ и во населбата Карпош.
- Реконструкција и проширување на капацитетите на постојните објекти на градинките со современи и функционални услови за престој на децата, стручно усовршување на воспитувачите за модерна и квалитетна настава, и доуредување на дворовите со нов инвентар и модерни реквизити.
- Зголемување на капацитетите за целодневен престој на учениците.
- Нови детски катчиња и зони за игра и рекреација во секоја месна заедница, достапни за сите деца, со стандардизиран изглед и издржливи материјали (нас. Карпош, нас. Ајдучка Чешма, нас. Иго Тричковиќ, с. Проевце, с. Добрашане, нас. Јане Сандански, нас. Зелен Рид, м. з. Тоде Мендол, централното градско подрачје и други локации).
- Дневен центар за дружење и едукација на децата.
- Театар за деца и анимации како дел од културно-едукативните содржини за најмладите.
- Културен фестивал за деца на отворено – празник на таленти и на креативност.
- Детски спортски игри како поттик за здрави навики и спортски дух.
- Поддршка за децата од ранливите семејства и еднакви шанси за сите.
- Поддршка на активности за прифаќање на различностите и промоција на другарство, со цел намалување на булингот како девијантна општествена појава.
- Субвенции за секое прваче.
- Поставување урбана опрема за одржување на едукативна и спортска настава на отворено на локалитет Студена Вода, како и поддршка на повеќе едукативни прошетки и истражување на природата.

ОПШТИНА ПАРТНЕР НА МЛАДИТЕ И НА СТУДЕНТИТЕ

Студентите и младите се иднината на Куманово. Тие носат нова енергија, идеи и визија за подобро утре. Општината ќе продолжи да биде партнер на младите, со поддршка во образованието, со можности за практично искуство, за културен и спортски развој, како и охрабрување на нивното претприемаштво и иновации.

Со вложување во младите, вложуваме во поразвиена локална економија, модерно и европско Куманово, каде што младите ќе имаат причина да останат и да градат своја иднина.

ПРОЕКТИ, АКТИВНОСТИ И ЗАЛОЖБИ

- Подобрување на условите и проширување на капацитетите во сите постојни општински образовни објекти.
- Гасификација и енергетска ефикасност во училиштата за подобри услови и пониски трошоци.
- Спортски игралишта и уредени дворови во секое училиште, со можност за „училници на отворено".
- Дигитална настава и доопремување со паметни табли, современи ИТ-кабинети и нагледни средства.
- Технолошки и интеркултурен центар во целосно реконструиран „Дом на пионери – 29 Ноември", како простор за културна размена и развој на вештини, со отворена мултимедијална сала за филмови, презентации, јавни настани, семинари, дебати, обуки, како и посебен дел наменет за центар за целодневен престој за деца.
- Младински центар во објектот на НУЦК „Трајко Прокопиев".
- Средношколски младински центар како дел од Општинскиот младински центар.
- Обуки и усовршувања за наставниците и стручните служби.
- Нови спортско-рекреативни комплекси, паркови, велосипедски и трим-патеки, street-workout зони за здрав животен стил.
- Изградба на адреналински парк во состав на нов парк во с. Проевце.
- Претприемаштво за младите преку стартап-инкубатори и специјализирани обуки.



- Програма за финансиска поддршка на проекти и активности на студентите.
- Бесплатен интернет-пристап на повеќе јавни локации.
- Младински НВО-саем за вмрежување и промоција на младинските организации.
- Поддршка за талентирани ученици преку стипендии, промоција на иновации и поттик за млади уметници.
- Лично надградување на младите преку субвенционирање на неформалното образование, волонтерски и забавни активности.
- Стипендии и награди за спортистите како поттик за нови достигнувања.
- Стипендии за првенците на генерација.
- Субвенционирање за набавка на велосипеди и електрични тротинети.
- Субвенции за користење на градскиот базен за студенти со просек над 8,5.
- Субвенции на патни трошоци до факултет на територија на државата за сите студенти од Куманово со просек над 9,5.
- Open Space / chill зона и скејт-парк: простор за дружење и неформални активности.
- Поддршка за развој на street art активности на млади уметници
- Организирање наградни натпревари меѓу општинските училишта со цел поттикнување на натпреварувачкиот и на тимскиот дух, дружење и мотивација за најдобрите тимови.
- Културна програма збогатена со фестивали, натпревари, секции и промоција на филмски и креативни проекти на млади ентузијасти.
- Повеќе креативни работилници: уметнички, музички и културни проекти.
- Поддршка на концерти и соло настапи на талентирани млади ученици на градските плоштади.
- Младински театар во рамките на НУЦК „Трајко Прокопиев“.

ОПШТИНА ПРИЈАТЕЛ НА ПРЕНЗИОНЕРИТЕ

Пензионерите се темелот на нашето општество. Тие со својот труд, знаење и искуство го изградиле Куманово какво што го познаваме денес. Затоа наша должност како Општина е да обезбедиме поддршка, квалитетни услови за живот и активна улога во заедницата, за пензионерските денови да бидат исполнети со достоинство, сигурност и почит.

ПРОЕКТИ, АКТИВНОСТИ И ЗАЛОЖБИ

- Нов објект на Домот за стари лица „Зафир Сајто“ во с. Проевце за зголемување на капацитетите и обезбедување поквалитетна грижа за повозрасните граѓани.
- Континуирана модернизација, проширување и подобрување на капацитетите во Домот за стари лица „Зафир Сајто”, со цел создавање подобри услови.
- Програми за поттикнување активен живот и поголема социјална интеграција на пензионерите.
- Субвенционирање на домашната нега и помош за пензионерите со попреченост.
- Поддршка на дневните центри за дружење, грижа и психосоцијална поддршка.
- Еднократна финансиска поддршка за пензионерите од социјално загрозените категории.
- Поддршка на пензионерските клубови за рекреација: шах, фитнес за возрасни, прошетки и групни активности.
- Субвенционирање на наменски пензионерски групни екскурзии во земјата.
- Поддршка за домување за ранливите категории пензионери.
- Вклучување на пензионерите во советодавните тела на Општината.
- Менторски програми во кои пензионерите со професионално искуство ќе работат со младите.
- Организација на меѓугенерациски културни и образовни проекти.
- Организација на културни и спортски настани посветени на пензионерите.
- Поддршка на едукативни работилници за здравствена заштита, лична безбедност, како и финансиска и дигитална писменост за пензионери.
- Поддршка на здруженијата на пензионерите и организирање заеднички настани и забавни активности за пензионерите.
- Ваучер за користење на Кумановска бања за пензионери кои имаат здравствени потреби.

ОПШТИНА ПРОМОТОР НА СОЛИДАРНОСТ, ЕДНАКВОСТ И СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА

Инклузивноста е срцевината на едно праведно и хумано општество. Секој граѓанин, без разлика на возраста, полот, етничката припадност или способностите, има право на еднаква шанса да учествува во заедницата. Нашата обврска како Општина е да создадеме услови во кои сите ќе бидат слушнати, поддржани и вклучени, а никој нема да биде оставен на маргините. Куманово мора да биде пример за општина што обединува, прифаќа и се грижи за секој свој жител.

ПРОЕКТИ, АКТИВНОСТИ И ЗАЛОЖБИ

- Создавање услови за целодневен престој за учениците со попреченост во училиштата.
- Нова спортска сала приспособена за лицата со попреченост.
- Инклузивен концепт – пристапни веб-страници, културни и спортски содржини, јавни простори и услуги без бариери.
- Пристапни рампи и пристапни санитарни јазли во сите училишта.
- Адаптирани тротоари за непречено движење на лицата со попреченост.
- Звучни семафори на клучни локации во централното градско подрачје.
- Тактилни патеки за лицата со оштетен вид кон институциите и кон јавните објекти.
- Пристапност во општинските згради, во јавните претпријатија и во градинките.
- Достапни автобуски постојки – со рампи, говорна најава и јасни ознаки.
- Вклучување пристапни автобуси со звучни апарати во јавниот превоз.
- Пристапност до културни и спортски објекти од јавен интерес.

- Поддршка за центри за социјализација и психолошка поддршка за лица со попреченост и за нивните семејства.
- Субвенции за комунални услуги за лица со попреченост и ранливи категории.
- Финансирање сервиси за дневни центри, групни домови и услуги за стари лица.
- Канцеларија за социјална поддршка и советување во соработка со други надлежни институции.
- Нов простор за развој на социјални услуги за вонсемејна заштита, живеење и поддршка на лица со попреченост.
- Шелтер и советувалиште за жртвите на семејно насилство.
- Поддршка на програми за ресоцијализација за маргинализирани групи на граѓани.
- Бесплатни активности за деца од социјално загрозени семејства (курсеви, спортски активности, екскурзии).
- Продолжување на постојните мерки за социјална заштита.
- Општинско-корисна работа – ангажман на невработените како асистенти во образованието и во грижата за старите лица.
- Еднократна финансиска помош за лица во социјален ризик.
- Програми за интеграција и образование на деца Роми.
- Поддршка за домување на семејства без сопствен дом.
- Субвенции на болнички трошоци за лица со тешки заболувања.
- Проширување на мерката за бесплатна Народна кујна за ранливите категории на граѓани.
- Стационар за кучиња скитници – згрижување и хумана грижа.

ОПШТИНА СО ПЛАНСКИ УРБАН РАЗВОЈ

Со современи урбанистички решенија и модерна инфраструктура, Куманово ќе продолжи да се развива во поуреден, подостапен и пофункционален град. Создаваме средина во која секој граѓанин ќе има пристап до квалитетни јавни простори, сигурен сообраќај, зелени површини и современи содржини за рекреација, а воедно ќе се зачува и надгради урбаниот идентитет на градот. Куманово мора да се развива организирано, планирано и во интерес на граѓаните, за да остане град со јасна визија и стабилна иднина.

ПРОЕКТИ, АКТИВНОСТИ И ЗАЛОЖБИ

- Нов Генерален урбанистички план (ГУП) со проширен плански опфат и урбанизација на населбите: Карпош, Ајдучка Чешма, Иго Тричковиќ, Говедарски Пат и Железничка Станица.
- Ширење на градскиот опфат и планирање на нови урбани блокови со стандардизиран изглед на наменски зони планирани за домување.
- Инклузивно и одржливо урбанистичко планирање со фокус на јавниот интерес пред интересот на поединецот.
- Ставање во функција на урбаните месни заедници како појдовна точка за учество на јавноста во процесите на урбанистичкото планирање.
- Отстранување времени објекти кои го узурпираат јавниот простор на територија на целата општина.
- Изградба на административно-деловен комплекс на локалитет Чоробенско ќоше со подземна катна гаража со голем капацитет, и нов урбан сквер со зелени површини и поврзување со градскиот плоштад.
- Дислокација на монтажната катна гаража и уредување на просторот со нов урбан сквер за млади и плато за настани (пред новиот Младински центар во склоп на НУЦК „Трајко Прокопиев“).
- Санација на плоштад „Нова Југославија“ .



- Урбан сквер и шеталиште до Спортската сала, спроти Градскиот кеј по должина на бул. „Октомвриска револуција“.
- Уредување на речното корито и поврзување на кејот од Митев мост до нов парк во с. Проевце, и од Митев мост до Градскиот парк.
- Реконструкција на изворите со минерална вода во село Проевце и партерно уредување на нивната околина.
- Изградба и уредување на просторот наменет за нови Градски гробишта со соодветна инфраструктура, изградба на нови капела и реконструкција на постојната капела, како и проширување на постојните муслиманските гробишта.
- Реконструкција на фасади на објекти од архитектонско културно наследство (хотел „Куманово“, на ул. „11 Октомври“, на локалитетот „Стар мерак“, Занаетчиски дом, на ул. „Браќа Рибар“ и други).
- Уредување на простори меѓу станбени згради на бул. „Октомвриска револуција“ со детски катчиња, игралишта, паркинг простор и урбана опрема.
- Функционално и естетско осветлување на јавни објекти и површини од јавен интерес.

ОПШТИНА СО БЕЗБЕДЕН СООБРАЌАЈ И УРБАНА МОБИЛНОСТ

Урбаната мобилност е двигател на секој модерен град. Добро организираниот сообраќај и достапниот јавен превоз значат побрзо, побезбедно и поквалитетно секојдневие за граѓаните. Нашата обврска како Општина е да изградиме систем кој ќе обезбеди пристапни и ефикасни решенија за сите – од пешаците и велосипедистите, сè до патниците и возачите. Куманово мора да продолжи да биде град со модерен, одржлив и безбеден сообраќај, кој ќе го олесни животот и ќе ја зголеми поврзаноста на сите негови жители.

ПРОЕКТИ, АКТИВНОСТИ И ЗАЛОЖБИ

- **Модерен бесплатен јавен превоз за сите граѓани во целата општина**
  - Продолжување на мерката за субвенционирани бесплатен јавен превоз за сите граѓани на сите линии.
  - Воведување нови автобуски линии и зголемување на интензитетот на поаѓања каде што има потреба.
  - Модернизација на јавниот градски превоз – стојалишта со дигитален возен ред и линии, интернет, ГПС систем, мобилна апликација и поголема пристапност.
- **3 нови кружни текови на клучни крстосници за подобар проток на сообраќај**
  - бул. „Трета МУБ“ и ул. „Тоде Мендол“ (лок. Градски пазар)
  - бул. „Октомвриска револуција“ и ул. „Ѓорче Петров“ и ул. „Иво Лола Рибар“ (лок. Чоче)
  - бул. „Октомвриска револуција“ и ул „Доне Божинов“ (лок. Макпетрол).
- **Воведување пешачки зони за граѓаните во централното градско подрачје**
  - Фазно формирање на пешачки зони во центарот на градот и нивно спојување со градските плоштади и локалитет „Скопски дуќани“: на ул. „Илинденска“ и ул. „Маршал Тито“, на ул. „Народна револуција“ и ул. „Ленинова“.

- **Функционален велосипедски прстен**
  - Воспоставување безбедна велосипедска мрежа за непречено движење со велосипед:
    - Фаза 1: кружен тек (влез на градот) – бул. „Трета МУБ“ – бул. „Октомвриска револуција“ – ул. „Доне Божинов“ – ул. „11 Октомври“.
    - Фаза 2: ул. „Народна револуција“ – „Гоце Делчев“ – „Ѓорче Петров“ – „Видое Смилевски Бато“ – „Бајрам Шабани“ – „Братство Единство“ – „Моша Пијаде“ – „Браќа Рибар“.
- **Модерни паркинг решенија**
  - Подземна катна гаража со голем капацитет: во склоп на нов објект на Чоробенско ќоше.
  - Изградба на нов паркинг во близина на Градскиот плоштад (зад НАМА) и нов паркинг зад Градскиот базен.
  - Модуларен паркинг објект во близина на лок. Берза.
  - Проширување на паркинг просторот кај поранешниот хотел „Кристал“, кај фабриката „Искра“ и кај зградите на локалитет К4 и К5.
  - Нови паркинг зони за велосипеди и полначи за електрични тротинети.
  - Безбеден сообраќај и модерна инфраструктура
  - Приспособување на улиците за еднонасочен сообраќај и воспоставување нови зони за паркирање.
  - Реконструкција и изградба на тротоари со бариери за заштита од неправилно паркирани возила, со нови дрвореди и урбана опрема.
  - Средства за забавување на сообраќајот во близина на училишта и градинки.
  - Нови семафори адаптирани за лица со попреченост на клучни локации.
  - Проширување на ЛЕД улично осветлување, каде што постои техничка можност.
  - Зголемување на осветлувањето на детски катчиња, игралишта и јавни површини, секаде каде што има потреба.
  - Информативни табли на повеќе јазици со насоки за локални точки од интерес, наменети за туристи и посетители.

ОПШТИНА СО РАМНОМЕРЕН РАЗВОЈ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА

Инфраструктурата е основа на квалитетниот урбан живот. Затоа Општината ќе продолжи да вложува во развој и модернизација на инфраструктурата со цел да се овозможи подобро секојдневие за сите граѓани на Куманово. Ќе реализираме повеќе значајни проекти за изградба и одржување на патната инфраструктура, на гасификацијата, модернизација и проширување на системите за водоснабдување, фекалната и атмосферската канализација и други суштински проекти за подобрување на животот во секој дом.

ПРОЕКТИ, АКТИВНОСТИ И ЗАЛОЖБИ

- Реконструкција на главните сообраќајни артерии во централното градско подрачје подрачје (ул. „11 Октомври“, ул. „Доне Божинов“, ул. „Гоце Делчев“, ул. „Илинденска“, ул. „Ленинова“, ул. „Народна револуција“, бул. „Октомвриска револуција“, бул. „Зта МУБ“, ул. „Моша Пијаде“), реконструкција на тротоари, поставување нова хоризонтална и вертикална сигнализација, нова урбана опрема и дрвореди.
- Функционална инфраструктура во приградските населби со реконструкција на веќе постојните улици, проширување и осветлување на улиците, изградба и оспособување на тротоари и нови паркинг зони.
- Уредување на патната инфраструктура во руралните средини, со фокус на уредување на просторот околу локалитетите кои се користат за собири на граѓани, цркви, џамии и други локации од интерес на локалното население.
- Изградба на комплетна инфраструктура (водоводна мрежа, атмосферска и фекална канализација, улици и тротоари) во делот каде што се градат нови станбени објекти.
- Изградба на дел од улиците „722“, „723“, „716“, „719“, „717“, „725“, во м.з. „Перо Чичо“, локалитетот Гладно Поле.
- Изградба на улица „АВНОЈ“ со четири краци.
- Реконструкција на дел од улица „600“ од Кумановска бања до урбаната единица Проевце.

- Реконструкција на улицата „425“ во населбата Иго Тричковиќ.
- Реконструкција на улицата „Индустриска“.
- Реконструкција на дел од улицата „715“ во Гладно поле.
- Реконструкција на дел од улицата „Благоја Думановски“ во населбата Перо Чичо.
- Реконструкција на улицата „Киро Фетак“ и крак од ул. „Киро Фетак“.
- Реконструкција на дел од улицата „Веселин Вујовски“, „Карадарчки Одреди“ и „Есперанто“.
- Реконструкција на дел од улицата „Васко Карангелевски“.
- Реконструкција на улицата „Бајрам Шабани“.
- Реконструкција на локален пат од крстосување со постоечки пат Куманово – с. Пчиња, па сè до с. Романовце до асфалтната база.
- Реконструкција на дел од улицата „Бошко Буха“.
- Реконструкција на крак 1 од улицата „400“ – од регионален пат до училиштето.
- Реконструкција на крак 2 од улицата „400“ – од училиштето до црквата.
- Реконструкција на улицата „Страшко Симонов“.
- Реконструкција на водоводната мрежа на „11 Октомври“ од улицата „Гоце Делчев“ до улицата „4 Јули“.
- Реконструкција на фекална канализација на улица „11 Октомври“ од улицата „Гоце Делчев“ и улицата „Сава Ковачевиќ“, сè до центарот на градот.
- Изградба на водоводна мрежа на дел од улица „Октомвриска револуција“ (од улица „Гоце Делчев“ до улица „Братство единство“).
- Изградба на атмосферска канализација на дел од улица „Октомвриска револуција“ (од ул. „Гоце Делчев“ до ул. „Братство единство“)
- Изградба на гасоводна мрежа со траса од улица „11 Ноември“ до основно училиште „Толи Зордумис“, улица „АВНОЈ“ со „Видое Смилевски Бато“, дел од улица „Народна Револуција“, улица „Доне Божинов“ до населба Карпош, улица „Тоде Думба“, улица „Никола Тесла“, улица „Драган Стопаревиќ“ на улица „Горномилановачка“ и улица „Вараждинска“.
- Изградба на нов мост на Крива Река во село Довезенце.

ОПШТИНА СО КВАЛИТЕТНИ УСЛОВИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ

Квалитетното образование мора да биде право, а не привилегија. Затоа, Општината ќе продолжи да вложува во подобрување на наставниот процес, создавање современи услови за учење и развој, како и обезбедување социјална поддршка за сите категории граѓани – со посебен акцент на децата и на постарите лица. Со јасна стратегија за подобрување на образованието, ќе овозможиме модерни услови за настава, спорт и инклузивност, како и простори за младински развој и културна размена. Ќе ја продолжиме реализацијата на значајни проекти во училиштата и ќе вложуваме во иднината на младите генерации.

ПРОЕКТИ, АКТИВНОСТИ И ЗАЛОЖБИ

- Реконструкција и доопремување на објектите на централните и на подрачните општински училишта во Куманово, со фокус на енергетската ефикасност, зголемен квалитет на наставата и пристап за лицата со попреченост.
- Реконструкција и доопремување на училишните спортски сали, како и изградба на нови училишни спортски сали каде што е потребно.
- Технолошки зони и модерни ИТ кабинети во средните училишта – нови компјутери, брз интернет, нови технологии и дигитални обуки.
- Партерно уредување, осветлување, урбана опрема и нови спортски игралишта во дворовите на централните и подрачните училишта.
- Реконструкција на фасадите на ООУ „Вук Караџиќ“ и ООУ „Браќа Рибар“.
- Целосна реконструкција и доопремување на ООУ „Кочо Рацин“ – централна училишна зграда.
- Реконструкција на подрачни училишта: ООУ „Браќа Миладиновци“ с. Студена Бара, ООУ „Кочо Рацин“ с. Орашац, ООУ „Браќа Рибар“ с. Четирце и Сопот, ООУ „Христијан Карпош“ ПУ нас. Иго Тричковиќ и ПУ с. Тромеѓа, ООУ „Толи Зордумис“ ПУ с. Режановце.
- Целосна реконструкција и доопремување на ООУ „11 Октомври“ ПУ – с. Долно Којнаре и ООУ „Вера Которка“ - с. Клечовце.
- Целосна реконструкција на покривот и на фасадата на ООУ „Битолски Конгрес“ – с. Лопате.
- Целосна реконструкција и доопремување на УОМО „Панче Пешев“.
- Реконструкција и доопремување на спортските сали во ООУ „Крсте Мисирков“, ООУ „Кочо Рацин“, ООУ „Толи Зордумис“, ООУ „Бајрам Шабани“, ООУ „Наим Фрашери“, како и нова типска сала во ООУ „Карош“ – с. Умин Дол.
- Промовирање на инклузивна средина во сите училиштата.

ОПШТИНА ПРИЈАТЕЛ НА ПРЕНЗИОНЕРИТЕ

Пензионерите се темелот на нашето општество. Тие со својот труд, знаење и искуство го изградиле Куманово какво што го познаваме денес. Затоа наша должност како Општина е да обезбедиме поддршка, квалитетни услови за живот и активна улога во заедницата, за пензионерските денови да бидат исполнети со достоинство, сигурност и почит.

ПРОЕКТИ, АКТИВНОСТИ И ЗАЛОЖБИ

- Нов објект на Домот за стари лица „Зафир Сајто“ во с. Проевце за зголемување на капацитетите и обезбедување поквалитетна грижа за повозрасните граѓани.
- Континуирана модернизација, проширување и подобрување на капацитетите во Домот за стари лица „Зафир Сајто”, со цел создавање подобри услови.
- Програми за поттикнување активен живот и поголема социјална интеграција на пензионерите.
- Субвенционирање на домашната нега и помош за пензионерите со попреченост.
- Поддршка на дневните центри за дружење, грижа и психосоцијална поддршка.
- Еднократна финансиска поддршка за пензионерите од социјално загрозените категории.
- Поддршка на пензионерските клубови за рекреација: шах, фитнес за возрасни, прошетки и групни активности.
- Субвенционирање на наменски пензионерски групни екскурзии во земјата.
- Поддршка за домување за ранливите категории пензионери.
- Вклучување на пензионерите во советодавните тела на Општината.
- Менторски програми во кои пензионерите со професионално искуство ќе работат со младите.
- Организација на меѓугенерациски културни и образовни проекти.
- Организација на културни и спортски настани посветени на пензионерите.
- Поддршка на едукативни работилници за здравствена заштита, лична безбедност, како и финансиска и дигитална писменост за пензионери.
- Поддршка на здруженијата на пензионерите и организирање заеднички настани и забавни активности за пензионерите.
- Ваучер за користење на Кумановска бања за пензионери кои имаат здравствени потреби.

ОПШТИНАТА ЧУВАР НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Животната средина е заеднички дом за сите нас. Дишеме ист воздух, делиме ист простор и одговорни сме за истата иднина – затоа мораме заеднички да ја чуваме. Нашата цел е да ја подигнеме еколошка свест и да создадеме зелена и чиста Општина, во која секој граѓанин ќе има можност за здрав живот. Сите заедно, да посветиме особено внимание на спречување на загадувањето на воздухот, водата и почвата, хигиената на јавните површини, како и на правилно управување со отпадот.

ПРОЕКТИ, АКТИВНОСТИ И ЗАЛОЖБИ

- Реализација на мерки во согласност со Стратегијата за климатски промени.
- Поставување на соларни панели на јавни објекти, установи и институции и енергетско ефикасни фасади.
- Интегриран систем за селекција, сепарација, транспорт и преработка на отпад.
- Дигитална контрола и мониторинг за регулирање на бучава во угостителски објекти.
- Видеонадзор на јавни површини и точки од јавен интерес за заштита на имот и животна средина.
- Ширење на секундарна дистрибутивна гасоводна мрежа со фокус на јавни објекти, индустриски капацитети (с. Добрашане, нас. Карпош, индустриска зона Новини и Речица), колективни станбени згради и домаќинства.
- Намалување на цената за приклучок на гасоводна мрежа.
- Зајакнување на капацитетите на Сектор за инспекциски надзор во Општината.
- Зајакнување на капацитетите на ЈП „Чистота и зеленило“ и зголемување на буџетот за одржување на хигиената.
- Зголемен интензитет на перење на улици и плоштади.
- Зголемена динамика на изнесување на смет од централното подрачје, населбите и селата.
- Замена на сите постојни надземни контејнери во централно подрачје со полуподземни контејнери.
- Поставување на дополнителни контејнери за селекција на отпад.
- Нови контејнери на локации каде што има потреба.
- Поголем број мали корпи за отпадоци на јавни површини со висока фреквенција.
- Зголемена инспекциска контрола на критични подрачја и речни корита.
- Континуирано чистење на речните корита во градот.
- Зголемена едукација за екологија на учениците од најрана возраст.
- Продолжување на Субвенции за користење на клима уреди.
- Кампањи за подигнување на јавната свест за заштита на животната средина со поддршка на НВО, активизам и волонтерски организации.
- Поставување мерни станици за квалитет на воздух на повеќе клучни локации.

ОПШТИНА СО ПОВЕЌЕ ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО

Зелените површини и парковите се белите дробови на градот. Тие обезбедуваат чист воздух, создаваат простор за одмор, дружење и рекреација, а истовремено ја зголемуваат убавината и квалитетот на урбаното живеење. Вложувањето во паркови и зелени површини значи инвестиција во здравјето на граѓаните, подобра животна средина и одржлива иднина за сите.

ПРОЕКТИ, АКТИВНОСТИ И ЗАЛОЖБИ

- Изработка на стратегија за урбано зеленило и делување според акцискиот план.
- Урбан сквер со зелена површина или мини парк во секоја локална заедница.
- Воспоставување катастар на зеленило.
- Заштита на сите неизградени, а планирани зелени површини во опфат на Генералниот урбанистички план и нивна реализација како уредено зеленило во паркови со урбана опрема.
- Иницијатива за преземање на одржувањето на сите заеднички дворни површини на станбените објекти за колективно домување од страна на ЈП „Чистота и зеленило“.
- 5 нови паркови:
- Изградба на нов парк на влез во с. Проевце;
- Изградба на урбан сквер „Гоце Делчев“ со парк, фонтана и урбана опрема на влез во населба Гоце Делчев;
- Нов парк на место на времените објекти на локалитет Табакана.
- Парк со урбан сквер и шеталиште до Спортската сала, спроти Градскиот кеј по должина на бул. „Октомвриска револуција“.
- Парк на улица „Карадачки одреди“ во населба Тоде Мендол.
- Збогатување на содржините на Спомен костурница со летно кино, нова урбана опрема, простор за пикник и рекреација.
- Изградба на урбани зелени скверови на локација Ловец, до поранешен хотел „Кристал“, на ул. „Гоце Делчев“, на завршеток на ул. „Илинденска“ со ул. „Доне Божинов“, на место на времени објекти помеѓу ул. „Трст“ и ул. „Доне Божинов“.



- Изградба на катчиња за домашни миленици на повеќе локации во градот.
- Нови дрвореди на ул. „Ленинова“, ул. „Браќа Рибар“ (Нагорички сокак), бул. „Октомвриска револуција“, бул. „Трета МУБ“ и на други локации каде има услови.
- Уредување на речното корито на реките Липковка и Кумановка, уредување на сите водни текови согласно Студија за водни текови на територија на Општина Куманово.
- Уредување на просторот околу речните корита со зелени површини, трим патеки, урбана опрема и рекреација.
- Промоција на позитивни примери на општествено одговорни граѓани, обезбедување грантови и кампањи за поттикнување на еко активизам.
- Пешачка патека во шумскиот предел на локација Студена вода со летниковци за одмор до Wc. Биљановце – погодна за развој на извидништво.
- Уредување на просторот меѓу ул. „Вараждинска“ и бул. „Октомвриска револуција“ со урбана опрема и зеленило.
- Уредување на државно неизградено земјиште меѓу блок згради на бул. „Октомвриска револуција“, како и во населба Гоце Делчев и Зелен Рид.
- Поставување на систем за наводнување „капка по капка“ на зелени површини долж бул. „Трета МУБ“, бул. „Октомвриска револуција“ и на други зелени површини.
- Поставување фонтани за пиење вода на повеќе локации.
- Поставување јавни тоалети во сите градски паркови и во центарот на градот.

ЕКОНОМСКИ РАЗВИЕНА ОПШТИНА

Силен и одржлив економски развој е темел за подобар животен стандард. Нашата цел е да изградиме економски капацитети на локално ниво преку партнерство меѓу Општината, стопанството, невладиниот сектор и граѓаните. Со заеднички напори ќе создадеме поволна клима за инвестирање, поддршка за претприемништвото и нови работни места, градејќи иднина во која Куманово е препознатлив центар за развој и иновации, со атрактивни индустриски зони и поволни услови за нови странски инвестиции.

ПРОЕКТИ, АКТИВНОСТИ И ЗАЛОЖБИ

- Изградба и развој на нови индустриски зони со поволни услови за инвестирање и вработување на млади и стручни кадри.
- Континуирано вложување и модернизација на индустриските зони со фокус на индустриската зона Новини и Речица, како и во н. Карпош и с. Доброшане.
- Реконструкција на двата Зелени пазари.
- Програма за привлекување странски и домашни инвеститори, со подготвен Водич за инвеститори и промоција на можностите кои ги нуди Куманово.
- Е-платформа за поддршка на бизнис заедницата – централизирани информации за конкурси, финансиски можности и податоци за економијата на локално ниво.
- Фонд за поддршка на младите претприемачи и стартап-компании.
- Поттикнување на занаетчиството кај младите со промоција, подобри услови за работа и соработка со Занаетчиска комора.
- Поддршка за занаетчии, уметници и културни работници преку мали грантови и јавни настани.
- Обучување и доквалификација на работната сила преку партнерства со средни стручни училишта и факултети.
- Партнерство за промена – мобилизација и координација на граѓански организации за решавање локални економски предизвици.
- Развој на туризмот преку реализација на активностите од Стратегијата за туризам и отворање Центар за туристичко информирање.
- Создавање туристички пакети и брендирање на Куманово како викенд-туристичка дестинација, во партнерство со угостители, туристички агенции и НВО.

ОПШТИНАТА ЧУВАР НА КУЛТУРАТА, УМЕТНОСТА И ТРАДИЦИЈАТА

Културата е срцето на секој град. Преку разновидна и квалитетна културно-уметничка програма Куманово живее како модерен и отворен град, каде граѓаните ќе имаат можност да уживаат во настани што нудат забава, инспирација и заедништво. Нашата цел е да развиеме културна сцена која ќе им овозможи на сите генерации да учествуваат и уживаат во концерти, фестивали, изложби и креативни проекти, создавајќи простор за дружење, релаксација и културна размена.

ПРОЕКТИ, АКТИВНОСТИ И ЗАЛОЖБИ

- Зголемување на буџетот за културни програми со цел побогата и подостапна понуда за граѓаните.
- Целосно финансирање на традиционални настани кои се дел од културниот идентитет на Куманово.
- Идентификување на најуспешните културни манифестации и нивно издигнување на повисоко ниво – регионални и меѓународни фестивали.
- Заштита и ревитализација на културното наследство – објекти, локалитети и симболи на градот.
- Формирање културен центар или изложбена поставка за историјата и развојот на Куманово.
- Изработка на туристички водич за култура и историја на Куманово, со цел поттик на културниот туризам.
- Промоција на локални атрактивни дестинации и нивна интеграција во туристички понуди.
- Кумановско културно лето со концерти, театар и уметнички програми на Спомен костурницата.
- Летен филмски фестивал на отворено за промоција на филмската уметност.
- Рок фестивал – музички собир на локални и регионални рок-групи.
- Фестивал за електронска музика со интернационални дицеи.
- „Хип-хоп револуција“ - афирмација на хип-хоп културата и младинската сцена.



- Театар на отворено на Спомен-костурница.
- Детски фестивал на песна – поддршка на најмладите таленти.
- Денови на детски игри и смеа – креативни активности за децата.
- Денови на пензионери – културни и рекреативни содржини за повозрасните.
- Организација на новогодишен базар на градскиот плоштад.
- Стипендии за талентирани млади луѓе во културата и во уметноста.
- Организација на ликовни колонии и работилници за сите генерации.
- Наградни конкурси за применета уметност за стимулирање на креативноста.
- Поддршка и промоција на нови краткометражни филмски проекти од локално значење.
- Зачувување на културата преку поддршка на здруженијата кои се занимаваат со творечка и културна дејност.
- Стимулирање на културна соработки со соседните земји, Европа и светот.
- Мултикултурни настани и фестивали каде сите етнички заедници ќе ги презентираат своите вредности и традиции.

ОПШТИНА - ГРАД НА СПОРТОТ

Со модерна спортска инфраструктура и богата спортска програма ќе овозможиме подобри услови за рекреација, натпреварување и дружење, градејќи здрави генерации и спортска заедница. Куманово треба да остане град каде што спортот е достапен за секого – од најмладите до професионалците, и каде што спортските клубови и атлетите ќе продолжат да добиваат заслужена поддршка за достигнување успеси на локално, национално и меѓународно ниво.

ПРОЕКТИ, АКТИВНОСТИ И ЗАЛОЖБИ

- Зголемување на буџетот за спорт и поддршка преку Општинскиот сојуз на спортови.
- Нови спортски терени со тартан подлога во сите училишта и месни заедници каде има потреба.
- Целосна реконструкција на Соколана – Храмот на спортот.
- Нов систем за греење и ладење за Спортската сала и соларни панели.
- Реконструкција на спортскиот комплекс во поранешниот Дом на АРМ со мултифункционално игралиште, опрема и трибини.
- Реконструкција на отворените фудбалски игралишта до Градскиот базен.
- Реконструкција на постојните игралишта на повеќе локации.
- Изградба на трим стази за трчање и пешачење на повеќе локации.
- Нови тениски терени.
- Мала сала за боречки спортови и модерен балет.
- Мини аквапарк во рамки на комплексот градски базени.
- Мото-крос патека за адреналински спортови.
- Фитнес зони на отворено достапни на повеќе локации.



- Активни спортски зони за најмладите во секоја населба.
- Зајакнување на училишниот спорт преку организирани натпревари и лиги.
- Стимулирање на индивидуални спортови и талентирани спортисти.
- Организирање на спортски активности и натпревари на локално, национално и меѓународно ниво.
- Организирање турнир во кошарка 3х3 со меѓународен карактер.
- Организирање градски кошаркарски и фудбалски турнири.
- Денови на спортот во Куманово – масовни спортски активности за сите возрасни групи во определен период од годината.
- Промоција на екстремни спортови и ретки дисциплини.
- Развој на спортски туризам во Бислимската Клисура.
- Долгорочна стратегија за спорт – за одржлив развој и системска поддршка на спортот во Куманово.

ОТЧЕТНА ОПШТИНА - ВИСТИНСКИ СЕРВИС НА ГРАЃАНИТЕ

Општина Куманово веќе е препознаена по висока транспарентност и отчетност, и ќе продолжи да вложува во јакнење на капацитетите и приближување до граѓаните. Ќе останеме пример за правилно управување со ресурси и буџет, за транспарентни јавни набавки и капитални проекти, како и за правична распределба на средствата директно кон граѓаните. Со граѓански форуми и активно учество на населението, градиме праведно и еднакво општество, во кое секој ќе се чувствува како дома.

ПРОЕКТИ, АКТИВНОСТИ И ЗАЛОЖБИ

- Реорганизација и систематизација на општинските сектори и одделенија во насока на континуирано подобрување, со цел поквалитетен и побрз сервис кон граѓаните.
- Зајакнување на капацитетите на сите јавни претпријатија со фокус на доопремување со опрема и механизација, зголемување на кадровскиот капацитет, воведување на нови технологии и програми за обуки и доусовршување.
- Зајакнување на капацитетите на ТППЕ Куманово, со опрема, обуки и тренинг за пожарникарите.
- Дигитализација на најкористените општински услуги преку нивно интегрирање со порталот uslugi.gov.mk.
- Електронски документ менаџмент систем (еДМС) за локалната самоуправа и јавните претпријатија.
- Отворање на инфо-центар и инфо-линија во рамките на Општината, каде што граѓаните на едно место ќе можат да добиваат информации и услуги од административните службеници.
- Развивање на нова мобилна и веб-апликација преку која граѓаните ќе имаат можност лесно да испратат поплаки, предлози и барања, кои веднаш ќе бидат проследени до надлежните општински сектори и јавни претпријатија.
- Редовни средби со новинарите преку кои ќе се презентираат завршени и тековни проекти од работата на Општината и јавните претпријатија.



- Формирање на план за директни контакти со месните заедници, за да се овозможи постојан дијалог и непосредно утврдување на проблемите на жителите.
- Креирање дигитален општински весник, со информации за проектите, активностите и сите актуелни настани, придружено со интензивна двонасочна комуникација на социјалните мрежи и други дигитални канали.
- Организирање на младински форуми, каде младите ќе имаат можност активно да ги претстават своите идеи, ставови и иницијативи.
- Воспоставување нов систем за информирање на руралните средини преку поставување огласни табли и јавно достапни известувања.
- Одржување на јавни средби и форуми за граѓаните, за подобра интеракција и двонасочна комуникација.
- Редовно спроведување анкети со цел утврдување на мислењето на населението за квалитетот на услугите и можности за подобрување.
- Организирање младински панели и дискусии на различни теми од јавниот живот, за вклучување на младите во одлучувачки процеси.
- Изработка на нова инклузивна веб-страница на Општината, редовно ажурирана и приспособена за лица со попреченост, со јасен пристап до сите информации од јавен интерес.
- Навремено и редовно информирање на јавноста преку соопштенија за сите значајни активности и одлуки на локално ниво.

ДВИЖЕЊЕ

ЗНАМ

ЗА НАША МАКЕДОНИЈА